# КАРПОШ
## НЕДЕЛЕН Е-БИЛТЕН



















# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

ИЗГОТВУВА:
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

# 110 ХУМАНИТАРНИ ПАКЕТИ ЗА СОЦИЈАЛНИТЕ СЕМЕЈСТВА ОД КАРПОШ

По повод претстојните Велигденски празници, денеска, претседателот на Советот на општина Карпош, Сашо Лазаровски и Секретарот на Општината, Бојан Милошевски, во неколку урбани заедници им поделија хуманитарни пакети на социјално загрозените лица, кои живеат на територијата на локалната самоуправа.

Благодарение на донациите од карпошани, од насобраните прехранбени продукти се обезбедија 110 хуманитарни пакети, кои ќе ги збогатат семејните трпези на граѓаните со социјален ризик. Во досега најмасовната хуманитарна акција „Да бидеме хумани за нашите соседи“ која по 18-ти пат ја спроведе одделението за детска, социјална и здравствена заштита при општина Карпош, минатиот викенд, учествуваа и младите карпошани од неколку основни училишта ширум општината, како и општинската администрација.

Во духот на хуманоста, општина Карпош ќе им додели и еднократна парична помош на луѓето од оваа ранлива категорија, со цел и тие достоинствено да го одбележат овој голем христијански празник. Локалната самоуправа, традиционално ја спроведува оваа хуманитарна акција, по повод роденденот на Општината, за Божикните и Велигденските празници.



## БРОНЗА ЗА ПИНПОНГАРСКИОТ АС БУЖАРОВСКИ

Актуелниот кадетски државен првак во пинг-понг, Методиј Бужаровски, го освои третото место (парови), на 24-то Државното првенство кое се одржа минатиот викенд во Штип. Во поединечна категорија за младинци (јуниори), Мето, се пласираше меѓу осумте најдобри јуниори во Македонија, освојувајќи го шестото место. Младиот карпошанец продолжува да чекори по патот на успехот, каде со своите 14 години, досега има освоено 40 медали. Оваа година, Бужаровски ќе настапи за Македонската пинг-понг репрезентација, на повеќе балкански и европски натпревари.

# ХУМАН ГЕСТ „ОД ДЕЦА ЗА ДЕЦА“

Во ООУ ,,Јан Амос Коменски“, во четвртокот (28,04,2016), се одржа традиционалниот Велигденски хепенинг, на кој беа изложени прекрасни украси и подароци изработени од вредните раце на учениците, наставниците и родителите.

Во соработка со одделението за детска, социјална и здравствена заштита при општина Карпош, подмладокот на училишниот Црвен Крст и советот на родители, собраа средства кои ќе бидат наменети за малиот карпошанец, девет годишниот Ѓорѓи кој боледува од церебрална парализа и аутизам.

Со овој хуман гест, основците од „Коменски“ сакаат да ја подобрат тешката здравствена состојба во која се наоѓа Ѓорѓи. Бидејќи ова семејство влегува во категоријата на социјално загрозени лица, за нив беа обезбедени неопходни апарати за домаќинство, а локалната самоуправа им додели еднократна парична помош, како би им ги подобриле тешките животни услови.

ООУ „Јан Амос Коменски“ веќе традиционално, два пати во годината организира хуманитарни хепенинзи, по повод Новогодишните и Велигденските празници.



# МЕЃУНАРОДНО ЗЛАТО ЗА КАРПОШОВИОТ ПИЈАНИСТ

Младиот пијано виртуоз Михаил Димовски, го освои првото место и златниот медал на XI Меѓународен натпревар за млади изведувачи на класична музика, кој се одржа минатиот викенд, во дворецот на културата во Перник – Р. Бугарија. Во рамки на оваа културна манифестација, покрај првото место, Димовски ја освои и специјалната награда за солист на камерниот оркестар „Орфеј“.

Инаку, седмоодделенецот Михаил Димовски е ученик во ООУ „Лазо Трповски“ – општина Карпош и веќе шест години ги усовршува техниките за свирење клавир, во ДМБУЦ „Илија Николовски Луј“. Под менторство на проф. Јасна Аврамовска – Костенарова, младиот генијалец Михаил, има забележано врвни музички резултати, од кои најзабележителни се првото место на натпреварот во Врање во 2013 година, како и освоената прва награда на музичкиот натпревар во Гевгелија, во 2014 и 2015 година. Михаил Димовски нескромно го покажа својот раскошен талент и позитивно ја одбележа и 2015 година. Имено, тој освои неколку први награди и себеси сé промовираше во општински, регионален и државен првак во пијано.

# МАЛИ И ГОЛЕМИ ЛИКОВНИ УМЕТНИЦИ

Во рамки на долгогодишната соработка помеѓу детската градинка „Орце Николов“ – општина Карпош и Педагошкиот факултет и факултетот за Ликовни уметности во Скопје, денеска, дечињата беа домаќини на студентите кои заедно организираа ликовен хепенинг.

Малите и големи уметници се дружеа и сликаа во дворот на градинката, меѓусебно учејќи едни од други. Идните ликовни педагози учеа практично за методологијата и пристапот кон интелектуалното анимирање на помладите, а дечињата му дадоа колоритна разиграност на големиот бел хамер, изразувајќи ги своите уметнички експресии, со специјалните еколошки, акрилни бои.

Според предметната професорка на Педагошкиот факултет во Скопје, д-р Мариета Петрова, оваа соработка е од непроценливо значење за нејзините студенти, бидејќи тие имаат можност во пракса да го надградуваат своето знаење, кое утре ќе ги профилира како квалитетни ликовни педагози.





# ВЕЛИЧЕСТВЕН ДАР ОД БИОГРАД НА МОРЕ ЗА КАРПОШ

По повод големиот христијански празник Велигден, пријателската општина Биоград на Мору, Република Хрватска, и испрати величествен подарок-сувенир на Општина Карпош, огромно велигденско јајце насловено :„Писаница од срца“.

Станува збор за авторско дело на четири хрватски уметници Јосип Грегуриќ, Ѓуро Јаковиќ, Стјепан Понграц и Златко Штрфичек, со височина од 2,05 метри и широчина од 1,5 метри, кој со Одлука на градоначалникот на Општина Биоград на Мору Иван Кнез се подарува на Општина Карпош по повод прославата на православниот Велигден.

Големото „Велигденско јајце од срце“ денеска на Велики петок, ден пред Христовото воскресение, е поставено во дворот на Општина Карпош, како симбол на едно искрено и топло пријателство, почит кон локалната самоуправа и граѓаните на Карпош и него можат да го видат сите граѓани на Карпош и доколку сакаат да се сликаат со овој уникатен подарок за нас.





# ГРАДЕЖНАТА ОФАНЗИВА ВО КАРПОШ НЕ ЗАПИРА

Неуморно, дури и за време на празниците градежната офанзива во Општина Карпош не запира. Во саботата (30,04,2016) комплетно се заврши реконструкцијата на улицата Петар Драганов. По поставувањето на новото улично осветлување, смена на комплетната подземна инсталација и изградбата на новите тротоари, жителите на оваа улица од Општина Карпош добија Велигденски „подарок“, поточно улицата Петар Драганов го доби вистинскиот лик со нејзиното асфалтирање.

Со оваа градежна активност е заокружена градежната активност во населбата Тафталиџе 2 и жителите на оваа населба можат да се пофалат со висок стандард на домување и инфраструктурна поставеност на европско ниво.

